Националниот превентивен механизам, на 25 и 27 декември 2018 година спроведе редовна ненајавена посета на Затворот Тетово. Посетата беше спроведена во рамките на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител.

Националниот превентивен механизам посетата на Затворот Тетово ја спроведе во неколку чекори, согласно Правилникот и Методологијата за вршење превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Тимот на НПМ наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во Затворот Тетово, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

Капацитетот на Затворот е за околу 50 осудени лица, а на денот на посетата, согласно листата на осудени лица, во Затворот имаше 51 осудено лице, на издржување на казна затвор.

За време на посетата на Затворот Тетово, тимот на Националниот превентивен механизам посвети особено внимание на материјалните услови на оваа казнено-поправна установа и сите сместувачки капацитети заедно со останатите дополнителни и надворешни простории.

КПУ – Затвор Тетово не располага со посебни простории за самици за издржување дисциплинска казна – упатување во самица, па како самици се

користат просторите за приемно одделение, ниту пак, располага со просторија за спроведување на претрес на осудените лица при прием во Установата.

НПМ тимот укажа дека просторијата на приемното одделение, што истовремено се користи и како просторија за извршување на дисциплинска казна – самица не ги задолува ниту минимум потребните услови за сместување на лица, поради што и упатувањето на новопримените осудени лица и на оние што издржуваат дисциплинска казна самица во оваа просторија, може да претставува понижувачко и деградирачко постапување.

Во Затворот Тетово постојат 12 простории за притвор што не се користат поради тоа што не ги исполнуват минималните стандари. Овој дел на Затвор Тетово, е затворен со наредба на Министерство за правда. Она што е карактеристично за сите простории, во кои тимот на НПМ изврши увид е дека истите не ги исполнуваат минимум предвидените меѓународни стандарди за сместување на осудени лица.

НПМ тимот увиде дека просторија за женски притвор е, исто така вон употреба. Истата се користи за оставање разни предмети и ствари. Условите се несоодветни за сместување лица, исто како и низ сите други простории на приземје.

Сместувањето на повеќе од 5 осудени лица во иста просторија, спротивно на одредбите на Законот за извршување на санкции, доведува до недостиг на приватност на осудените лица, како и зголемување на ризикот од закани и насилство.

Тимот на НПМ за време на посетата изврши индивидуални и групни разговори со повеќе осудени лица, кои имаа за цел испитување на постапување, односно третманот на службените лица спрема осудениците, како и утврдување на степенот на почитување на правата на осудените лица.

Осудените лица со кои НПМ тимот разговараше, генерално немаа забелешки за односот и постапувањето од страна на службените лица во Затворот. Ниту едно од лицата не се пожали на тортура или друго сурово, нечовечно или понижувачко

постапување од страна на вработените во секторот за обезбедување, а исто така и ниту едно од осудените лица не било сведок, ниту пак слушнало за случаи на можно физичко насилство од страна на затворските служби. Во разговорите што НПМ тимот ги спроведе со осудените лица, однесувањето на вработените во секторот за обезбедување кон нив, го оценија како коректно и според нив, службените лица не поседуваат и не користат средства за присилба.

Исто така, осудените лица посочија дека директорот и заповедникот редовно вршат посети во просториите за сместување и да разговараат со нив за евентуалните проблеми. Од друга страна, се пожалија дека немаат воопшто средби со воспитувачите од секторот за ресоцијализација. Тие истакнаа дека најголемиот дел од времето го поминуваат без да бидат вклучени во соодветни активности за ресоцијализација, затоа што вакви активности биле организирани многу ретко, односно два-три пати годишно.

Од разговорите со службените лица, а евидентно и од увидот во листите на вработени лица во Затворот, во КПУ Затворот Тетово нема ниту едно вработено женско лице во секторот за обезбедување. Оттука, недостигот на женски лица вработени во секторот за обезбедување, доведува до состојба, претресот врз женските лица – посетители на Затворот, да не биде воопшто спроведен, што од друга страна ја доведува во прашање безбедноста во установата.

Во КПУ Затворот Тетово нема функционален систем на повикување, поради што вработените во службите за обезбедување прават редовни обиколки. Доколку имаат сомневање или претходно сознание вршат претрес, при што не користат средства за присилба. Од разговорите со нив, НПМ тимот доби информација дека при претрес најмногу се откриваат телефони, плински боци и греалки кои ги добиваат од надвор. Во однос на почиувањето на куќниот ред, вработените во службата за обезбедување посочија дека во Затворот има „партиски силни“ осуденици кои не го почитуваат куќниот ред.

НПМ тимот констатираше дека Затворската амбуланта е многу мала и недоволно опремена со медицински апарати и има недоволен број на медицински-здравствен кадар во Затворот.

НПМ тимот констатираше дека водењето на медицинската документација во Затворот Тетово е позитивен пример што би требало да се следи и во другите казнено-поправни установи.

НПМ тимот констатира дека за лицата со хронични болести, пред сè за оние со констатиран дијабетес, не се приготвува посебна храна.

Во однос на хигиената, тимот на НПМ констатира дека лицата сами се грижат за хигиената на просториите. Исто така, од разговорите со осудените лица, НПМ тимот доби информација дека истите сами обезбедуваат средства за лична хигиена. НПМ изразува загриженост за ваквата практика, особено имајќи ги предвид важечките законски прописи (ЗИС), согласно што, осудените лица се должни да ја одржуваат личната хигена, за што е потребно да им се обезбеди вода и хигиенски прибор, неопходни за одржување на хигиената и зачувување на здравјето.

Како резултат на реализираната посета, Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки упатени до Управата за извршување на санкциите и до директорот на Затворот Тетово, со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.